# Медиумите да се придржуваат до Насоките за известување и обврските од ЗААВМУ

**Скопје, 20 март 2020 –** Агенцијата ги поздравува заложбите на медиумите за навремено информирање на граѓаните за состојбата со коронавирусот и за мерките што надлежните органи ги преземаат за заштита и превенција од ширење на COVID-19.

Имајќи ја предвид улогата на медиумите во време на прогласена вонредна состојба поради коронавирусот, Агенцијата е свесна за можна појава на отстапки од програмскиот концепт за којшто им е доделена дозволата и за неможноста доследно да се почитуваат некои одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Сепак, радиодифузерите треба да вложат максимални напори и да не ја користат пандемијата како изговор за непочитување на Законот.

Во контекст на професионално и безбедно извршување на задачите, Агенцијата им препорачува на медиумите да се придржуваат кон **Насоките за безбедно и професионално известување за коронавирусот (COVID-19)** на Здружението на новинари и на Советот за етика во медиумите на Македонија, каде што има практични упатства и за професионалноста во работењето и за обезбедување на заштита и безбедност на медиумските работници.